РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2511/2

07-03-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) 83–та седница одржана на 27.02.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2511/1 од 20.07.2021 година, во која се изразува незадоволство од работата на Нотарот ------------------------ од Скопје и Претседателот на -------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-2511/1 од 20.07.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 20.07.2021 година, поднесена е пријава во која се изразува незадоволство од работата на Нотарот ---------------------------- од Скопје и Претседателот на ---------------------- по што оформен е предмет број 12-2511/1 од 20.07.2021 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека е незадоволен од висината на наградата што му била наплатена од посочениот нотар, за што поднел барање до Претседателот на ----------------------- со цел утврдување на тоа дали нотарот правилно законски ја пресметал наплатената награда и трошоци. Со Решение на Претседателот на --------------------- од 15.06.2021 година било утврдено дека нотарот правилно и согласно Законот за нотаријатот и Нотарската тарифа ја определил и пресметал наградата и трошоците во спроведената оставинска постапка. Против наведеното решение, подносителот поднел жалба до Управниот одбор на -----------. Управниот одбор со решение од 01.07.2021 година ја одбил наведената жалба, а го потврдил Решението на Претседателот на -------------. Понатаму била

поднесена претставка и до Министерството за правда, кое со известување од 13.07.2021 година го известил подносителот дека не е надлежен да утврдува дали нотарот правилно и законски ги наплатил наградата и трошоците.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во конкретниот случај постапил надлежен орган и оцени дека нема елементи за надлежно постапување

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
Подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk